# ВОВЕДНИК

„Националните институции за човекови права (НИЧП) претставуваат алка помеѓу владите и сите други актери во една заедница. Тие вообичаено се поддршка за слабите елементи во националниот систем за заштита и помагаат во воспоставувањето на корективни мерки. НИЧП се инструментариум за поврзување на точките помеѓу различните иницијативи развиени на сите нивоа на општествена интеракција.“

*Наванатем Пилај,*
Висок комесар на ООН за човекови права

Добредојдовте во 16-то издание на Списанието за европски прашања „Евродијалог“. Бројот 16 вообичаено се смета за иницијатор на акција, инспирирајќи ги поединците да ги надминат пречките кои надоаѓаат, за да останат на патот на учењето.

Евродијалог и тимот на Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум“ континуирано се обидуваат да останат на патот на учењето. Преку отворање дискусија за Националните институции за човекови права, ги согледуваме праведностите и неправедностите на домашниот систем на владеење и на оние од кои се надеваме да научиме.

НИЧП се „клучен елемент“ за силни и ефективни национални системи на човекови права кон кои стремиме, еден од механизмите за обезбедување на усогласеност на националните закони и практики со меѓународните норми за заштита на човековите права, поддршка на владите во процесот на имплементација, следење и адресирање на суштинските проблеми во областа на човековите права како што се тортурата, неоснованото приведување, трговијата со луѓе и човековите

права на мигрантите, поддршка на работата на бранителите на човекови права, и придонес кон искоренување на сите форми на дискриминација.

Преку воспоставување на НИЧП во согласност со меѓународните стандарди, владите можат да покажат посветеност кон заштитата на човековите права, нивна промоција и унапредување. Притоа, тие се слободни да одлучат за моделот на НИЧП како институција, согласно на општата прифатеност дека не постои „еден модел за сите". Да се земат предвид искуствата на различни земји е неопходност во секој процес на создавање или реформирање на една НИЧП.

Искрено се надеваме дека ова е само еден мал чекор на патот кон праведно и фер општество засновано на знаење и информираност во процесите на донесување одлуки, чекор кон искоренување на дискриминацијата, предрасудите, и човечкото страдање, пред сè.

Ние веруваме дека единствено преку отворена дебата, споделување на знаење и поттикнување на истражувањето се отвораат можности за промени.

Срдечно,
Уреднички одбор
Списание за европски прашања „Евродијалог"